# Основите на иманот

Мухамед бин Салих ел Усејмин

BeliG

Скопје, 2020

Наслов
**Основите на иманот**

Автор
**Мухамед бин Салих ел Усејмин**

Издавач
**Здружение на граѓани „Белиг“**

Уредник
**д-р Фатмир А. Ковачи**

Лектор
**проф. д-р Виолета Пирузе**

Рецензија
**Енис Максутоски**

Коректура
**Јасмин Мујовиќ**

**м-р Абдурахман Салоски**

Дизајн
**Аднан Салих**

Техничка обработка:
**Абдулах Мифтари**

Тираж
1000 примероци

Наслов на оригиналот:

أصول الإيمان

محمد بن صالح العثيمين

Превод

**д-р Амел Куртиши**

# Вовед

Благодарноста му припаѓа на Аллах Семоќниот, од Него бараме помош и прошка а кон Него се враќаме со каење. Од Аллах бараме заштита од злото на нас самите и од злото на нашите лоши дела. Кого Аллах ќе упати тој е на вистинскиот пат, а тој што во заблуда ќе остане нема да најде кој ќе го насочува. Сведочам дека не постои Бог, достоен за обожување, освен Аллах, Тој е единствен и сведочам дека Мухамед е негов роб и пратеник, Аллаховите благослови и мир нека се со него, неговите одбрани другари и чесно семејство.

Знењето за тевхидот (Аллаховото едноштво) е најчесна и воедно највредна наука. Таа е и нашата најголема должност, затоа што преку неа се запознаваме со Аллах, со Неговите имиња и атрибути и правата кои Возвишениот ги има кон своите робови.

Тевхидот е клучот кој ги отвора вратите кон Аллах и тој е темел на сите Негови закони и прописи. Поради неговата важност сите пратеници, без исклучок, повикувале кон Аллаховото едноштво:

**„Пред тебе ниту еден Пратеник не испративме, а да не му објавивме: ‚Нема бог освен Мене, затоа Мене обожавајте Ме!'" (Куран: Ел Енбија, 25)**

Возвишениот Аллах за Себе тврди дека е единствен, а тоа го сведочат и мелеците (ангелите) како и учените луѓе:

**„Аллах сведочи дека нема друг бог освен Него, а и мелеците (ангелите) и учените, постапувајќи праведно. Нема друг бог освен Него, Силниот и Мудриот." (Куран: Али Имран, 18)**

# Исламската вера

Таа е верата која Возвишениот Аллах му ја доставил на Мухамед, Аллаховите благослови и мир нека се со него. Таа е печатот на сите претходни вери, потполна од секој аспект и вера преку која ние ја исполнуваме нашата покорност и обожување на Аллах. Со нејзиното доставување се употполни Неговата благодат кон човештвото.

Возвишениот Аллах вели:

**„Мухамед не е татко никому од вашите луѓе, туку е Аллахов Пратеник и последен веровесник.“** (Куран: Ел Ахзаб, 40)

**„Денес верата ваша ви ја усовршив и благодатта Своја спрема вас ја надополнив и задоволен Сум исламот да ви биде вера.“** (Куран: Ел Маида, 3)

**„За Аллах единствено исламот е вистинска вера.“** (Куран: Али Имран, 19)

**„А тој што сака друга вера освен исламот, нема да му биде примена, и тој на оној свет ќе биде меѓу губитниците.“**

Возвишениот Аллах наредил луѓето да го обожуваат на начин како тоа го правел Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем. Тој вели: **„Кажи: ‚О, луѓе, јас сум ви на сите вас Аллахов Пратеник, Неговата власт е и на небесата и на Земјата; нема друг бог освен Него, Тој дава живот и смрт, и затоа верувајте во Аллах и во Пратеникот Негов, веровесникот, кој не знае да чита и да пишува, кој верува во Аллах и во зборовите Негови; следете го него, за да бидете упатени!‘“** (Куран: Ел Араф, 158)

Во хадиската збирка на имамот Муслим е забележан хадисот кој го пренесува Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него: *„Се колнам во Оној во чија рака е мојата душа, секој што ќе слушне за мене, Евреин или христијанин, и нема да поверува во она со кое сум пратен, ќе биде од казнетите со пеколниот оган.“*

Верувањето во Божјиот пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се со него, подразбира цврсто убедување во неговата исправност и исправноста на она со кое е пратен. Тоа подразбира и прифаќање на сето она со кое е пратен како и покорноста.

Поради неприфаќањето и непокорноста чичкото на Божјиот пратеник Ебу Талиб не бил верник, иако верувал во исправноста на она со кое бил пратен Пратеникот, Аллаховиот благослов и мир нека се со него, и тврдел дека исламот е најдобрата религија.

Исламската вера опфаќа и ги содржи сите важни и корисни елементи кои биле вклучени во претходните религии. Тој е и специфичен затоа што е компатибилен со секој народ, време и простор.

Обраќајки му се на Божјиот пратеник, Аллаховиот благослов и мир нека се со него, Аллах вели:

**„А тебе ти објавуваме Книга, со Вистината, да ги потврди книгите пред неа објавени и над нив да бдее.“** (Куран: Ел Маида, 48)

Куранот е книга која соодвествува со секој народ, простор и време, и тој не треба да се менува соодветно на просторот и времето во кое живее и дејствува човекот, како што тоа го тврдат одредени групации.

Секому кој ги следи советите на исламот, Семоќниот Аллах му ветува помош и победа:

**„Тој го прати Пратеникот Свој со Упатството и со Вистинската Вера за да ја издигне над сите вери, макар тоа и да го мразат многубошците.“** (Куран: Ес Сафф, 9)

**„Аллах ветува дека тие меѓу вас кои ќе веруваат и кои добри дела ќе прават, сигурно за наместници на Земјата ќе ги постави, како што ги поставил за наместници тие пред нив, и дека навистина верата нивна ќе ја зацврсти, таа што Тој им ја сака, и дека сигурно стравот со безбедност ќе им го замени; тие само Мене ќе Ме обожуваат, и нема здруженици да Ми припишуваат. А тие кои и по тоа ќе бидат неблагодарни – тие се вистински грешници.“** (Куран: Ен Нур, 55)

Исламот е вера која во себе содржи верување и верска легислатура (закони). Исламот е потполн во своите принципи кои се однесуваат на верувањето како и во правилата и законите кои ги определил.

1. Исламот наредува верување во само еден Бог и го забранува политеизмот (ширкот).

2. Ја наредува вистината и ја забранува лагата.

3. Ја наредува правдата[1] , и ја забранува неправдата.

4. Ја наредува чесноста и ја забранува измамата.

5. Наредува извршување на преземените обврски и го забранува кршењето на истите.

6. Наредува добротворство кон родителите и забранува непослушност кон нив.

7. Наредува чување на роднинските врски и забранува нивно кинење.

8. Наредува убав однос кон соседите и го забранува лошиот однос кон нив.

Со еден збор, исламот повикува кон сѐ што е убаво и добро и забранува сѐ што е грдо и лошо.

Возвишениот вели:

**„Аллах бара да се почитува сечие право, да се прави добро, и на блиските да им се дава, а развратот и сѐ што е лошо и одвратно и насилството го забранува; да примите поука, Тој ве советува.“** (Куран: Ен Нахл, 90)

[1] Правдата означува изедначување на сличните работи и раздвојување на различните. Правдата не подразбира апсолутно изедначување, како што тврдат одредени луѓе кои воопштуваат и велат: „Исламот е вера која ги изедначува сите.“ Во исламот нема изедначување на различните работи и таквото тврдење не е исламски прифатено.

# Темелите на исламот

Исламот се издигнува врз пет основни темели кои се спомнати во хадисот кој го пренесува Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него. Во тој хадис Божјиот пратеник, Аллаховите благослови и мир нека се со него, вели: *„Исламот се темели врз пет принципи: сведоштвото дека само Аллах е (вистински) Бог и дека Мухамед е Негов роб и пратеник, извршувањето на намазот, давањето на зекатот, постот во месецот Рамазан и аџилакот.“* (Муттефекун алејхи, оваа е верзијата на имамот Муслим)

## Шехадетот-Сведоштвото за Аллаховото едноштво и за Мухамед како негов роб и пратеник

Ова сведоштво го означува цврстото уверување кое се потврдува со изговарањето.

Овие две сведоштва се неразделни и се сметаат за еден темел, иако значењето содржи две сведоштва, сведоштвото дека само Аллах е вистински Бог и сведоштвото дека Мухамед е Негов роб и пратеник.

Причината зошто овие две сведоштва се сметаат за еден темел е следната:

Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, ја доставил од Аллах објавената вера и така сведоштвото дека тој е Негов роб и пратеник го надополнува сведоштвото дека единствен вистински Бог е Аллах.

Втората причина е што овие зборови се темел на исправноста на секое добро дело. Следствено, не е ниту исправно ниту пак примено делото кое не е извршено во име на Аллах и кое не е направено во склад со праксата на Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем. Со искреноста се остварува сведочењето дека Аллах е единствениот Бог, додека пак со следењето на Божјиот пратеник, Аллаховиот спас и мир нека е со него, се реализира сведочењето дека тој е Негов роб и пратеник.

Резултатот и плодот на ова сведоштво е ослободување на срцето од робување на некој друг освен на Аллах, Возвишениот и Славениот, и од следење на некој друг освен Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем.

## Извршувањето на намазот

Овој ибадет означува обожување на Аллах преку клањање на намаз, истрајност на тој пат и извршување на истите во пропишаното време и на начин како намазот е пропишан. Резултат и плод на овој ибадет е чувството на широкоградост, радоста, среќата и оддалечувањето од лошите дела.

## Давањето на зеќат

Зеќатот е обожување на Аллах преку издвојување на одредена задолжителна количина на имот и давање на истата на тие кои ја заслужуваат.

Резултат и плод на овој ибадет е чистењето на душата од скржавоста и исполнување на потребите на муслиманите.

## Постот во месецот Рамазан

Во овој месец, со намера за ибадет и обожување на Аллах, верникот ќе се воздржи од храната, пијалаците, интимните односи и сѐ она што се смета за прекинување на постот во одреден временски период. Резултат и плод на овој ибадет е тренирање на душата да се воздржи од она кое го сака, со цел да се постигне Аллаховото задоволство.

## Аџилакот-Ел Хаџџ

Аџилакот е обожување на Аллах преку посета на Мека и Ќаба со намера да се извршат обредите на овој ибадет. Резултат и плод на овој ибадет е воспитување и навикнување на душата да го жртвува она кое го поседува како и да вложи телесен труд во покорност кон Аллах. Поради ова аџилакот се смета за еден вид на џихад-пожртвуваност на Аллаховиот пат.

Од овие темели на исламот произлегуваат плодови и резултати кои овозможуваат заедницата на муслиманите (Уметот) на исправен начин да го манифестираат своето верување, во својот однос кон сѐ што создал Аллах да бидат искрени и праведни. Сите останати обреди и прописи на исламот зависат од исправноста на овие темели.

Состојбата на Уметот може да се поправи доколку заедницата на муслиманите ќе ѝ се посвети на верата, состојба се менува соодветно со односот на муслиманите кон верата и кон нејзините прописи. Доколку барате појаснување на ова кое го кажавме, прочитајте го овој ајет од Куранот:

**„А да веруваа жителите на населбите и од гревови да се чуваа, Ние би им праќале благослови и од небо и од земја, но, тие негираа, па ги казнувавме за тоа што го заработуваа. А зарем жителите на населбите се сигурни дека Нашата казна нема да ги снајде во ноќта додека спијат? Или, зарем жителите на населбите се сигурни дека Нашата казна нема да ги снајде дење, додека се забавуваат? Зарем тие можат да бидат сигурни од Аллаховата казна? Од Аллаховата казна не се плаши само народот кому му претстои пропаст!“** (Куран: Ел Араф, 96-99)

Да погледнеме во историјата на народите пред нас, во историјата има поука за обдарените со разум и за тие чиишто срца сѐ уште не се прекриени и запечатени.

# Темелите на исламското верување

Исламот е вера која има свои принципи на верување како и свој верозакон. Во претходните редови спомнавме некои од тие обреди, прописи, како и темелите на исламот.

Темели на исламското верување се: верувањето во Аллах, во мелеците, Аллаховите книги, пратеници, Судниот ден и Аллаховата одредба-кадерот.

Текстови од Куранот и хадисите укажуваат на овие темели. Возвишениот Аллах вели:

**„Добродетелството не е во тоа да ги вртите вашите лица кон исток и запад, туку добродетели се тие кои веруваат во Аллах, во оној свет, во мелеците, во книгите, во веровесниците...“** (Куран: Ел Бекара, 177)

За одредбата, Аллах, субханеху ве теала, вели: **„Ние навистина сѐ со мерка (кадер) создаваме, и наредбата Наша е само еден збор – сѐ се случува за миг.“** (Куран: Ел Камер, 49-50)

*Кога Џибрил, алејхи селам, го прашал Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, за верувањето тој му одговорил: „Да веруваш во Аллах, во мелеците, во Аллаховите книги во Судниот ден и да веруваш во Аллаховата одредба на се она кое се случува, и добро и лошо.“* (Муслим)

## Верувањето во Аллах

Верувањето во Аллах, Возвишениот, подразбира четири работи:

### 1. ВЕРУВАЊЕТО/УБЕДЕНОСТА ДЕКА АЛЛАХ ПОСТОИ

Постоењето на Аллах е потврдено со докази како што се неизменетата човечка природа, разумот, текстови на шеријатот и материјалните докази.

**а. Неизменетата човечка природа / Фитрах**

Во секое битие е вродено верувањето во Создателот и оваа темелна човечка природна одредница се менува под влијание на надворешните фактори. Ова го спомнува Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, во следниов хадис: *„Секое новороденче се раѓа во вистинската вера (фитрах), потоа неговите родители го преобразуваат во Евреин, христијанин или поклоник на огнот.“* (Бухари)

**б. Разумот**

Здравиот разум укажува дека сите суштества мора да имаат свој создател. Невозможно е нешто да се создаде себеси, или нешто да се случи случајно, без причина/повод. Никој не може да се создаде себеси, затоа што пред своето постоење тој не бил ништо, па како може тој самиот (да се создаде)?!

Исто така, ништо не може да настане случајно, без повод, бидејќи сè што се случува има своја причина и повод. Постоењето на нешто што е совршено, без никакви мани и недостатоци, со причинско-последична врска, укажува на тоа дека е невозможно нешто да настане без причина. Нешто што е случајно „создадено“ не е потполно уште на самиот почеток, па како може да биде усовршено за време на неговиот опстанок и развој?!

Ако сево ова го имаме на ум, тогаш мора да знаеме дека постои некој кој создал сè што постои. Тој Создател е Аллах, Господарот на световите.

Овој рационален аргумент, Семоќниот Аллах го спомнува во поглавјето Тур, кога вели:

**„Дали тие без Создател се создадени или тие самите себеси се создадоа?!“** (Куран: Ет Тур, 35)

Значи не се создадени без Создател, ниту пак самите себеси се создале, а ова укажува дека Аллах е Создателот.

Кога Џубејр бин Мут’им, радијаллаху анху, кога се уште бил немуслиман, слушнал како Божјиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, ги чита ајетите: **„Дали тие без Создател се создадени или тие самите себеси се создадоа?! Дали тие небесата и Земјата ја создадоа?! Не,**

**туку тие не се убедени! Дали се кај нив ризниците на Господарот твој, или дали тие владеат?“** (Куран: Ет Тур, 35-37), рекол: „Само што не ми излезе срцето (од градите). Тогаш за прв пат иманот се вовлече во моето срце.“ (Бухари)

Ќе наведеме и пример кој го појаснува ова:

Кога некој, за некој голем изграден замок, опкружен со прекрасни градини и реки, а во кој има прекрасен мебел и постелнина, би ти рекол: „Овој замок со сите свои убавини е создаден сам од себе или се создал себеси, случајно и одеднаш“, сигурно дека тоа ти би го одрекол и би рекол дека тоа не е вистина. Тогаш, можно ли е целата вселена, Земјата, небесата и сè што се случува во овој универзум од себе да се создаде или да настане случајно и без Создател?!

**в. Шеријатските докази кои укажуваат на постоењето на Аллах**

Сите небески книги зборуваат за тоа и го потврдуваат овој факт. Сите прописи содржани во тие книги укажуваат дека ги објавил Мудриот и Сезнајниот Господар, кој најдобро знае што им одговара на сите оние кои ги создал. Исто така, и сите појави во вселената укажуваат на вистинитоста на она кое го тврдат сите овие книги.

**г. Материјални (сетилни) докази**

Материјалните докази на два начина укажуваат на постоење на Аллах.

Прв начин: многу често слушаме како се примаат нечии молитви/дови, што јасно укажува на постоењето на Аллах.

Возвишениот Аллах вели:

**„И спомни го Нух–кога во дамнешно време повика, па Му се одзвавме, и него и неговото семејство од голема казна ги спасивме.“** (Куран: Ел Енбија, 76)

**„И кога од Господарот свој помош побаравте, Тој ви се одзва...“** (Куран: Ел Енфал, 9)

Имамот Бухари, од Енес, Аллах нека е задоволен со него, го бележи следниот хадис:

*„Еден петочен ден додека Божјиот пратеник, Аллаховиот мир и спас нека се над него, држеше хутба од минберот, дојде еден бедуин и*

*рече: ‚Аллахов гласнику, имотот пропадна, семејствата гладуваат, затоа упати му дова на Аллах да даде дожд за нас.‘ Божјиот пратеник ги крена рацете и одеднаш, се крена облак голем како рид. Пратеникот, саллаллаху алејхи ве селем, дури и не се симна од минберот, а јас веќе забележав како дожд тече низ неговата брада. Следниот петок дојде истиот тој бедуин или некој друг, и рече: ‚Божји пратенику, градбите се срушија, имотот се потопи, па упати му дова на Аллах за нас.‘ Аллаховиот пратеник, алејхи салату ве селам, ги подигна своите раце и изговори: ‚Аллаху мој нека врне околу нас, а не врз нас.‘, и речиси и да не почна да покажува со својата рака кон небото, а облакот веќе се повлече.“*

Примањето на довите/молитвите е присутно до ден-денес. Молитвите/довите им се примаат на оние кои искрено му се обраќаат на Аллах и ги исполнуваат условите за примање на довата.

Втор начин: натприродните дела (муџизите) направени од страна на Божјите пратеници кои луѓето ги чуле или виделе. Истите се јасен показател и доказ за постоењето на Аллах. Настани и феномени што се надвор од човечката контрола (натприродни) се дело на Аллах кое тој го дава/овозможува за да им помогне на Своите пратеници и да ја потврди нивната вистинитост.

Пример е натприродното дело кое Аллах му го овозможил на Муса, алејхи селам, кога му наредил со стапот да удри по морето. Тоа Муса, алејхи селам, го направил и морето се разделило и се формирале дванаесет премини покрај кои водата била издигната како ридови. Зборувајќи за оваа случка Аллах, вели:

**„И Ние му објавивме на Муса: ‚Удри со стапот свој по морето!‘ – и тоа се раздели и секоја негова страна беше како голем рид.“** (Куран: Еш Шуара, 63)

Следниот пример е примерот на Иса, алејхи селам, кој ги враќал во живот мртвите со Аллахова дозвола. За тоа Аллах, субханеху ве теала, вели: **„...кога со волјата Моја мртвите ги креваше...“** (Куран: Ел Маида, 110)

Трет пример е кога многубошците бараа од Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, некој знак, па тој со Аллахова волја, покажувајќи со рака кон месечината направи таа да се подели на два дела, и тоа луѓето го видоа. Аллах, целле шеʾнуху, за ова вели: **„Се ближи Часот и Месечината се преполови! А тие, секогаш кога ќе видат чудо, се вртат и велат: ‚Непрекината магија!'"** (Куран: Ел Камер, 1-2)

Овие материјални докази со кои Аллах, Семоќниот, ги поддржал Своите пратеници укажуваат на Неговото постоење.

## 2. ВЕРУВАЊЕТО ДЕКА АЛЛАХ Е ГОСПОДАР НА СЀШТО ПОСТОИ

Ова значи дека Тој е единствениот Господар на сѐ што постои, кој нема ни ривал ни соперник во власта, ниту пак има помагачи. Господар/Рабб е оној кој создава, владее и управува со сѐ. Нема друг Создател освен Аллах, нема друг Владетел освен Аллах, ниту пак било кој друг управува освен Аллах.

Возвишениот Аллах вели:

**„Само Тој создава и управува!"** (Куран: Ел Араф, 54)

**„...тоа ви е Аллах, Господарот ваш, царството е Негово! А тие кои, покрај Него, ги обожувате не поседуваат ништо..."** (Куран: Ел Фатир, 13)

Не е познато дека некое суштество негирало дека Аллах е Господар, освен човекот кој е арогантен, надмен и кој и самиот не верува во тоа што го кажува. Таков случај имаме со фараонот, кој на својот народ му рече: **„,О, главешини,' – рече фараонот – ‚јас не знам дека вие имате друг бог освен мене...'"** (Куран: Ел Касас, 38)

Меѓутоа ова не го изјавил со убеденост, како што нагласува Возвишениот Аллах, кој вели: **„И тие, неправедни и арогантни, ги негираа, но во себе веруваа дека се вистински..."** (Куран: Ен Немл, 14)

Во Куранот, Аллах ги наведува зборовите кои Муса, алејхи селам, му ги упати на фараонот: **„Ти добро знаеш дека ова не го дал никој друг туку Господарот на небесата и на Земјата, како јасни знаци, и јас мислам дека ти, о, фараону, сигурно ќе настрадаш."** (Куран: Ел Исра, 102)

Многубошците, во времето на Божјиот пратеник, веруваа дека Аллах е Господар, но му припишуваа еднаков во ибадет.

Возвишениот Аллах, вели:

**„,Чија е Земјата и сето тоа што е на неа, знаете ли?‘ ,На Аллах!‘ – ќе одговорат, а ти кажи: ,Па зошто тогаш не доаѓате при себе?‘ Запрашај: ,Кој е Господарот на седумте небеса и кој е Господарот на Аршот/тронот величествен?‘ ,Аллах!‘ – ќе одговорат, а ти кажи: ,Па зошто тогаш не се плашите?‘ Запрашај: ,Во чија рака е власта над сè, а Тој зема во заштита, и од кого никој не може да биде заштитен, знаете ли?‘ ,Тоа е Аллахово!‘ – ќе одговорат, а ти кажи: ,Па зошто тогаш дозволувате да бидете заведени?‘“** (Куран: Ел Муминун, 84-89)

**„Па ако ги запрашаш кој ги создаде небесата и Земјата, тие сигурно ќе речат: ,Ги создаде Силниот и Сезнајниот!‘“** (Куран: Ез Зухруф, 9)

**„А ако ги запрашаш кој ги создаде нив, сигурно ќе речат: ,Аллах!‘ Па тогаш каде се одметнуваат?!“** (Куран: Ез Зухруф, 87)

Аллаховото управување опфаќа сè што се случува во космосот, и сè што е поврзано со верскиот закон, шеријатот. Аллах, како што, соодветно со Својата мудрост, одредува што ќе се случи во космосот, на ист начин соодветно на Неговата мудрост ги одредува и шеријатско правните одредби. Затоа, секој оној кој смета дека има право да одредува законски прописи и одредби, му припишал еднаков на Аллах и не го остварил своето верување.

## 3. ВЕРУВАЊЕТО ДЕКА САМО АЛЛАХ Е БОГ

Ова подразбира верување дека само Аллах е вистински Бог, кому никој и ништо не му се рамни. Тој е „илах-Обожуваниот“ кон Кого тежнеат срцата, и Кого со љубов и почит го обожуваат.

Возвишениот Аллах, вели:

**„А вашиот Бог е еден Бог. Нема друг бог освен Него, Семилосниот, Милостивиот!“** (Куран: Ел Бекара, 163)

**„Аллах сведочи дека нема друг бог освен Него, а и мелеците (ангелите) и учените, постапувајќи праведно. Нема друг бог освен Него, Силниот и Мудриот!“** (Куран: Али Имран, 18)

Секое божество кое покрај Аллах се обожува е ништовно.

Возвишениот Аллах вели:

**„Тоа е затоа што Аллах е Вистина, а тие на кои, покрај Аллах, им се молат се лага, и затоа што е Аллах Возвишен и Голем.“** (Куран: Ел Хаџџ, 62)

Именувањето некого како бог не значи дека тој може да се обожува. За Лат, Узза и Менат, Возвишениот Господар ни кажува:

**„Тоа се само имиња кои вие и предците ваши им ги дадовте, Аллах за нив никаков доказ не пратил.“** (Куран: Ен Неџм, 23)[2]

Господарот на световите, ги наведува и зборовите на Јусуф, алејхи селам, кои му ги рекол на својот другар во затворот:

**„О, пријатели мои од занданава, дали се подобри разновидните богови или Аллах, Единиот и Семоќниот? Тие кои наместо Него ги обожувате се само имиња кои сте им ги дале вие и предците ваши, Аллах за нив никаков доказ не објавил.“** (Куран: Јусуф, 39-40)

Божјите пратеници на своите народи им велеа:

**„О, народе мој, само Аллах обожувајте Го, вие друг бог освен Него немате!“** (Куран: Ел Араф, 59)

Оваа наредба многубошците ја одбиле и, покрај Аллах, обожувале и други божества и од нив помош барале. Оваа нивна пракса ја побил Возвишениот Аллах спомнувајќи два логични докази.

Првиот е дека сите божества кои се обожуваат немаат ниту една божествена особеност. Тие се создадени, никому не можат да му нанесат штета ниту пак да му бидат од корист, не можат да дадат живот

[2] Аллах, субханеху ве теала, ги наведува и зборовите на Худ, алејхи селам, со кои се обратил на својот народ: „Зарем со мене да се расправате за некакви имиња кои вие и вашите предци ги измисливте, а за кои Аллах никаков доказ не објавил?“ (Куран: Ел Араф, 71)

ниту пак некому да му го одземат. Немаат никаков посед ниту пак удел на небесата. Аллах, Славениот, вели:

**„А тие покрај Него зеле божества кои ништо не создаваат, кои и самите се создадени, кои не се во состојба од себе некаква штета да отстранат ниту некаква корист да сторат, и кои немаат моќ живот да одземат, живот да дадат и да оживеат.“** (Куран: Ел Фуркан, 3)

**„Кажи: ‚Викнете ги тие кои, покрај Аллах, за богови ги сметате. Тие ништо не поседуваат, ни колку една ронка, ни на небесата ни на Земјата; тие во нив немаат никаков удел и Тој нема од нив никаква помош.‘ Кај Него ќе може да се зазема за некого само тој кому Тој ќе му допушти.“** (Куран: Ес Сабе, 22-23)

**„Зарем да Му ги здружуваат тие коишто не можат ништо да создадат, а и самите се создадени, и коишто не можат да им помогнат, ниту можат да си помогнат на себеси?“** (Куран: Ел Араф, 191-192)

Ако овие божества ги имаат овие особини тогаш е безумно да се сметаат за богови и да се обожуваат.

Вториот е дека многубошците сметале дека Аллах е единствениот Господар и Создател, во Негови раце е сè, Тој заштитува кого сака и никој од Него не може заштитен да биде. Значи, исто како што тие веруваа дека само Тој создава, исто така требаше само Нему да Му се поклонуваат, затоа што едното произлегува од другото, како што вели Аллах:

**„О, луѓе, обожувајте Го Господарот ваш Кој ве создаде и вас и тие пред вас, за да бидете богобојазни, Кој Земјата постела, а небото кров ви ги направи; Кој од небото ви го спушта дождот и со него создава плодови, снабдување за вас. Затоа не припишувајте Му здруженик на Аллах, знаејќи го тоа.“** (Куран: Ел Бекара, 21-22)

**„А ако ги прашаш кој ги создаде нив, сигурно ќе речат: ‚Аллах!‘ Па тогаш каде се одметнуваат?!“** (Куран: Ез Зуруф, 87)

**„Запрашај: ‚Кој ве храни од небото и од земјата, чие дело се слухот и видот, кој го создава живото од неживото, а го претвора живото во неживо, и кој управува со сè?‘ – ‚Аллах!‘, ќе кажат тие, а ти кажи: ‚Па зошто тогаш не се плашите од Него? Ете, тоа е Аллах,**

**Господарот ваш вистински! Зарем по Вистината има нешто друго освен заблуда? Па тогаш каде се одметнувате?"**" (Јунус, 31-32)

## 4. ВЕРУВАЊЕТО ДЕКА ТОЈ ПОСЕДУВА УБАВИ ИМИЊА И СОВРШЕНИ АТРИБУТИ

Ова подразбира потврдување и верување во сите Аллахови имиња и атрибути спомнати во текстови на Куранот и хадисите, на начин како му доликува на Аллах, без говор за начинот и каквоста/формата, без искривување, без споредба и потполно негирање.

Аллах, Славениот, вели:

**„На Аллах Му припаѓаат најубавите имиња и повикувајте Го со нив, и тргнете се од тие што ги искривуваат Неговите имиња – како ќе прават, така ќе бидат казнети!"** (Куран: Ел Араф, 180)

**„Нему Му припаѓа највозвишениот пример и на небесата и на Земјата; Тој е Силен и Мудар."** (Куран: Ер Рум, 27)

**„Ништо Нему не му е слично! Тој сè слуша и сè гледа."** (Куран: Еш Шура, 11)

По ова прашање во заблуда се две групации.

Прва е групата **муаттиле** кои ги негираат Аллаховите атрибути и имиња, или некои од нив, сметајќи дека доколку ги потврдиме истите тоа значи споредување на Аллах со Неговите созданија. Овој заклучок е ништовен од повеќе причини:

- Од овој заклучок произлегуваат многу неточни тврдења, како на пример контрадикторноста во Аллаховиот говор. Возвишениот Аллах спомнал и потврдил дека има имиња и атрибути и напоменал дека Нему ништо не Му е слично. Па доколку кажеме дека потврдувањето на тие својства значи споредба на Аллах со она кое го создал, од тоа тврдење произлегува дека Аллаховиот говор е контрадикторен и едни делови од тој говор ги побиваат останатите.
- Поседувањето на заеднички имиња или атрибути, не значи и сличност помеѓу тие кои ги поседуваат. Ако ги земеме како пример видот и слухот, ќе воочиме дека и видот и слухот се

разликуваат кај различни луѓе. Исто така и животните имаат раце, нозе, очи, но ова не значи дека овие органи се исти кај сите животни. Значи ако постои разлика помеѓу создадените, тогаш уште поприоритетно е дека постои (неспоредлива) разлика помеѓу Создателот и создадените.

Втората групација **мушеббихе** сметаат дека Аллах, субханеху ве теала, има атрибути и имиња, но истите ги споредуваат со Аллаховите созданија. Велат таквото значење се подразбира од шеријатските текстови, велејќи дека Аллах, аззе ве џелле, им се обраќа на луѓето на јазик разбирлив за нив. И овој став е ништовен од повеќе причини:

- Тврдењето дека Аллах е сличен со Неговите созданија и Неговата споредба со истите е ништовен став кој е побиен со логички, но и верски докази. Невозможно е од текстовите на шеријатот да се разбере нешто неточно.
- Аллах, субханеху ве теала, на Своите созданија им се обраќа со зборови кои ги разбираат и чие значење го знаат, но суштината и стварноста на она што е поврзано со Неговото Битие и атрибути ги знае само Тој (Аллах). Кога Аллах ќе рече за Себе дека поседува слух, тогаш ние знаеме што значи да слушаш. Слухот означува можност за слушање гласови и звуци, но неговата реалност и особености кога станува збор за Аллах, не ги знаеме. Особеностите на слухот се разликуваат дури и кога станува збор за суштества, така што таа разлика е уште поголема кога станува збор за односот Создател-создаден. Кога Аллах за себе ќе каже дека се воздигнал над Аршот, ние знаеме што подразбира зборот воздигнување, но реалноста и особеностите на ова издигнување кога се работи за Аллах не ги знаеме. Ова издигнување и возвишување се разликува и кај создадените суштества, затоа што не е исто ако се качиш врз стол кој е стабилен на земјата и врз камила која се движи брзо.

Значи, доколку една таква разлика постои помеѓу создадените суштества, таа не може да се негира и е неспоредливо поинаква меѓу Создателот и создадените суштества.

## ПЛОДОВИТЕ НА ВЕРУВАЊЕТО ВО АЛЛАХ, ВОЗВИШЕНИОТ:

**Прв**: Потврда на Аллаховото едноштво, од која произлегува дека човекот не смее да се надева, ниту да се плаши ниту да обожува некој друг освен Аллах.

**Втор**: Потполна љубов кон Аллах, преку осознавање на значењата на кои укажуваат Неговите имиња и атрибути.

**Трет**: Обожување на Аллах, извршувајќи го она кое Тој ни го наредил и оддалечувајќи се од она кое Тој ни го забранил.

## Верувањето во мелеците (ангелите)

Ангелите се битија кои му припаѓаат на невидливиот свет, кои го обожаваат Аллах и немаат атрибути на божественост. Аллах ги создал од светлината и одредил целосно да Му бидат послушни. Им дал сила и можности за да можат да ги извршуваат Неговите заповеди.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„А тие што се кај Него не одбиваат да Му бидат покорни, и не се заморуваат, Го слават и ноќе и дење, не се истоштуваат.“** (Куран: Ел Енбија, 19-20)

Нивниот број го знае само Аллах, Возвишениот. Во збирките на Бухари и Муслим се наведува хадисот кој го пренесува Енес, радијаллаху анху, во кој се зборува за Мирацот. Во тој хадис се наведува дека во Небесната Ќаба (Бејтул Мамур) секој ден клањаат седумдесет илјади мелеци кои никогаш не се враќаат на тоа место.

Верувањето во мелеците подразбира четири работи:

1. Верувањето дека тие постојат.
2. Посебно веруваме во оние мелеци чии имиња ги знаеме, како Џибрил и општо верување во мелеците чии имиња не ги знаеме.
3. Верувањето во нивните атрибути кои нам ни се познати, како што е примерот на Џибрил, кого Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, го видел во неговата вистинска форма. Имал шестотини крила кои целосно го покриле хоризонтот.

Со Аллахова волја мелекот може да се претвори во човечка форма, како што се случи со Мерјем, алејха селам. Тој нејзе ѝ се покажал во форма на потполно создаден маж. Мелекот Џибрил, алејхи селам, во човечка форма дошол и кај Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, додека тој бил со неговите асхаби, Аллах нека е задоволен со сите. *Тогаш се појавил во форма на човек со исклучително бела облека и со исклучително црна коса, на кого не се гледале трагови на замор и патување. Никој од присутните не го познавал, седнал до Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, и ги потпрел своите колена со колената на Мухамед, алејхи селам, и ги ставил своите дланки врз своите натколеници, и го прашал за* ***исламот, иманот и ихсанот****. Потоа заминал, а Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, рекол: „Ова беше Џибрил, дојде да ве поучи на вашата вера.“* (Муслим)

Исто така и мелеците кои Аллах ги пратил кај пратениците Ибрахим и Лут, алејхима селам, биле во човечка форма.

4. Веруваме во нивните задолжувања кои сме ги спознале и кои ги извршуваат според Аллаховата наредба, како што се славењето на Аллах, денонокниот ибадет, без никаков замор, досада и сл.

Некои од нив имаат и посебни задолжувања:

Џибрил, алејхи селам, е задолжен за достава на Објавата од Аллах до Божјите претеници.

Микаил, алејхи селам, е задолжен за дождот и билките.

Исрафил, алејхи селам, е задолжен да дувне во Сур (рогот) по што ќе настапи Судниот ден и по што ќе бидат проживеани сите суштества.

Мелеку-л-меут, алејхи селам, е задолжен за земање на душите по кое човекот умира.

Мелекот, алејхи селам, кој е задолжен за Огнот (пеколот).

Мелеците, алејхим селам, кои се задолжени за плодот во стомакот, откако ќе наполни четири месеци. Тогаш Аллах ги праќа мелеците на кои им наредува да ги запишат неговото снабдување (ризк), моментот на смрт, што ќе работи и дали ќе биде среќен или несреќен.

Мелеците, алејхим селам, кои се задолжени за човековиот испит во гробот. Тие ќе го прашаат за Господарот, за верата и за Пратеникот.

## ПЛОДОВИ НА ВЕРУВАЊЕТО ВО МЕЛЕЦИТЕ

- Спознавање на Аллаховата величина, сила и моќ, затоа што силата и моќта на создадените суштества произлегува од силата и моќта на нивниот Создател.
- Искажување на благодарност кон Аллах за укажаната грижа кон човекот, одредувајќи мелеци кои го следат, чуваат и ги запишуваат неговите дела.
- Искажување на љубовта кон мелеците поради нивната покорност и ибадет кон Аллах.

Тие кои се во заблуда сметаат дека мелеците не се битија кои имаат тела и дека се работи за силата на добрината која е скриена во создадените битија. Секако дека ова тврдење се коси со текстовите на Куранот и хадисите и со едногласниот став на сите муслимани.

Возвишениот Аллах, вели:

**„Благодарноста Му припаѓа на Аллах, Создателот на небесата и на Земјата, Кој мелеците со по две, три и четири крила ги прави пратеници; Тој на тоа што го создава му додава што сака, Тој, навистина, може сè.“** (Куран: Ел Фатир, 1)

**„А да видеше само кога мелеците на неверниците душата им ја земаа и по лицата нивни и одназад ги удираа: ‚Вкусете го страданието во огнот!‘ Тоа е за тоа што го подготвивте со рацете свои, бидејќи Аллах не е неправеден спрема робовите Свои!“** (Куран: Ел Енфал, 50-51)

**„А да ти се даде да ги видиш неверниците во смртните маки, кога мелеците ќе ги испружат рацете свои кон нив: ‚Извадете ги своите души! Отсега со неиздржлива казна ќе бидете казнувани затоа што за Аллах изнесувавте лаги и затоа што кон доказите Негови арогантно се однесувавте.‘“** (Куран: Ел Енам, 93)

**„И кога од срцата нивни стравот ќе исчезне, тие ќе запрашаат: ‚Што рече Господарот ваш?' – ‚Вистината!' – ќе одговорат, Тој е Возвишен и Голем.“** (Куран: Ес Сабе, 23)

**„Мелеци ќе им влегуваат на секоја врата. Мирот нека е со вас, затоа што трпевте, а прекрасно ли е најубавото престојувалиште.“** (Куран: Ер Рад, 23-24)

Во збирката на имамот Бухари, од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, е забележан овој хадис: *„Кога Аллах ќе засака некој човек го повикува Џибрил и му вели: ‚Аллах го сака тој и тој, па и ти сакај го!' Потоа Џибрил ќе го засака и таа љубов ќе ја разгласи помеѓу жителите на небесата: ‚Аллах го сака тој и тој па и вие сакајте го.' Тој човек го сакаат жителите на небесата и му се дава добар спомен (примен е) кај луѓето на Земјата.“*

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, исто така пренесува дека Божјиот пратеник, Аллаховиот спас и мир нека се над него, рекол: *„На петочниот ден на вратите на сите џамии има мелеци кои поименично ги запишуваат тие кои по ред доаѓаат во џамија, а кога имамот ќе седне (врз минберот) ги затвараат списите и го слушаат зикрот (потсетувањето/хутбата).“*

Овие текстови потврдуваат дека мелеците имаат тела и дека не се работи за силите на доброто како што тоа го тврдат групациите кои се во заблуда.

## Верувањето во Книгите

Книги или **ел кутуб** е множина од зборот китаб или книга, што на арапски јазик означува нешто што е напишано.

Овде се мисли на Книгите кои Аллах им ги објавил на Божјите пратеници, како милост и упатство за создадените суштества. Работејќи според она што е објавено во овие книги, луѓето ќе ја остварат својата среќа на овој и на идниот свет.

Верувањето во Книгите опфаќа четири работи:

1. Верувањето дека тие Книги навистина ги објавил Аллах.

2. Посебно верување во Книгите чии имиња ги знаеме, како што е Куранот кој му е објавен на Мухамед, алејхи салату ве селам, Тевратот кој му е објавен на Муса, алејхи селам, Инџилот кој му е објавен на Иса, алејхи селам и Зебурот, книга која Аллах му ја дал на Давуд, алејхи селам, и општо верување во објавените Книги чие име не го знаеме.

3. Верување во сѐ она што е наведено во тие Книги, доколку се потврди автентичноста, како што сме должни да веруваме во сѐ она што е објавено во Куранот. Значи должни сме да веруваме во сѐ она што не е изменето и искривено од тие Книги објавени пред Куранот.

4. Да постапуваме според она кое е спомнато во тие Книги, доколку не е дерогирано, прифаќање и задоволство со она кое е спомнато во тие Книги, без разлика дали сме ја разбрале мудроста или не.

Сите поранешни Книги се дерогирани со објавата на Куранот. Аллах, аззе ве џелле, вели:

**„А тебе ти објавуваме Книга, со Вистината, да ги потврди книгите пред неа објавени и над нив да бдее.“** (Куран: Ел Маида, 48)

Значи, не е дозволено применувањето на прописи од поранешните Книги, освен доколку некој од нив е потврден со Куранот.

## ПЛОДОВИ НА ВЕРУВАЊЕТО ВО КНИГИТЕ КОИ ГИ ОБЈАВИЛ АЛЛАХ

1. Спознавање на Аллаховата грижа за Своите робови, преку Книгите кои им ги објавувал а кои ќе ги водат/насочуваат низ животот.

2. Спознавање на Аллаховата мудрост при пропишување. Ова го сознаваме преку фактот дека Аллах на секој народ му објавувал Книга/објава која одговарала на дадениот момент.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„...на сите вас закон и правец ви пропишавме!“** (Куран: Ел Маида, 48)

3. Благодарност за Аллаховите благодати.

## Верувањето во Божјите пратеници

„**Русул**“ или пратеници се множина на зборот **ресул** или пратеник, со кој се означува лице кое е пратено да достави нешто.

Божјите пратеници, Аллаховиот мир нека е со сите, се луѓе на кои Аллах им ја доставил објавата и им наредил да им ја пренесат на луѓето. Првиот Божји пратеник е Нух, алејхи селам, а последниот е Мухамед, саллаллаху алејхи ве селем.

Возвишениот Господар, Аллах вели:

**„Ние ти објавуваме тебе како што му објавувавме на Нух и на веровесниците по него...“** (Куран: Ен Ниса, 163)

Во збирката на Бухари од Енес, радијаллаху анху, е забележан хадисот за заземањето/шефаат во кој помеѓу другото стои: *„Луѓето ќе дојдат кај Адем, алејхи селам, за тој да се заземе за нив, а тој ќе рече: ‚Одете кај Нух, алејхи селам, тој е првиот пратеник кого Аллах го пратил.‘“* Потоа го спомнал целиот хадис.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„Мухаммед не е татко никому од вашите луѓе, туку е Аллахов Пратеник и последен веровесник – а Аллах сè добро знае.“** (Куран: Ел Ахзаб, 40)

Не постоел ниту еден народ кому Аллах не му пратил пратеник со верозакон специфичен за тој народ или пак пратил претеник кој имал за цел да го возобнови претходниот верозакон.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„Ние на секој народ Пратеник му испративме: ‚Само Аллах обожувајте Го, а тргнете се од тагутот!‘“** (Куран: Ен Нахл, 36)

**„А нема народ на кого не му дошол тој што опоменува.“** (Куран: Ел Фатир, 24)

**„Ние го објавивме Тевратот, кој содржи упатство и светлина. Според него на Евреите им судеа веровесниците, кои Му беа послушни на Аллах и честити луѓе...“** (Куран: Ел Маида, 44)

Божјите пратеници се луѓе, создадени и немаат никакви божествени особини.

Зборувајќи за најдобриот и највредниот пратеник, Мухамед, саллаллаху алејхи ве селем, Возвишениот Аллах вели:

**„Кажи: ‚Јас не можам ни на самиот себеси некаква корист да си сторам, ниту од себеси некаква штета да тргнам; се случува така како што сака Аллах. А да го познавам невидливото, ќе стекнев многу добра, а злото ќе беше далеку од мене; јас само ги донесувам опомените и радосните вести на луѓето кои веруваат.'"** (Куран: Ел Араф, 188)

**„Кажи: ‚Јас не сум во состојба од вас некаква штета да отстранам, ниту на некој од вас каква било корист да му обезбедам.' Кажи: ‚Мене никој од Аллаховата казна не може во заштита да ме земе; само кај Него јас можам прибежиште да најдам.'"** (Куран: Ел Џинн, 21-22)

Тие имаат човечки обележја и им се случува она со кое се соочуваат и обичните луѓе, како што е болеста, смртта, потребата за храна, пијалаци и сл.

Возвишениот Аллах во Куранот ги спомнува зборовите на Ибрахим, алејхи селам, кој опишувајќи го својот Господар велел:

**„...и Кој ме храни и пои, и Кој, кога ќе се разболам, ме лечи, и Кој животот ќе ми го одземе, и Кој потоа ќе ме оживее."** (Куран: Еш Шуара, 79-81)

Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, рекол:

**„Јас сум човек како и вие, заборавам како што заборавате, па кога ќе заборавам вие потсетете ме."** (Бухари и Муслим)

Аллах, Величествениот, наведува дека пратениците се Негови робови и ги опишува преку својството на покорност во контекст на изнесување на пофалби за нив. За Нух, алејхи селам, Тој вели:

**„Тој, навистина, беше многу благодарен роб."** (Куран: Ел Исра, 3)

За пратеникот Мухамед, саллаллаху алејхи ве селем, Аллах рекол:

**„Благословен нека е Тој што на робот Свој му го објавува Фурканот (Куранот) за да им биде опоменувач на световите."** (Куран: Ел Фуркан, 1)

Зборувајќи за Ибрахим, Исхак и Јакуб, алејхим селам, Аллах, Милостивиот, рекол:

**„И сети се на робовите Наши Ибрахим и Исхак и Јакуб, сите во верата цврсти и проникливи. Ние ги обдаривме со една посебна доблест: секогаш да им е на ум оној свет; и тие, навистина, кај Нас се од одбраните добри луѓе."** (Куран: Сад, 45-47)

Во описот на Иса, алејхи селам, е кажано:

**„Тој беше само роб кого Ние со пратеништво го почестивме и како пример за поука на синовите Израилови го направивме."** (Куран: Ез Зухруф, 59)

Верувањето во Божјите пратеници опфаќа четири сегменти:

**Прв сегмент:** Верувањето дека објавата им е од Аллах и дека е вистина.

Тој што не верува во само еден пратеник има статус на оној кој не верувал во сите нив, како што тоа ни го појаснува Аллах Возвишениот:

**„И народот на Нух ги сметаше Пратениците за лажни."** (Куран: Еш Шуара, 105)

Аллах ги нарекува негатори на сите пратеници, иако во тоа време немало друг пратеник од Бога освен Нух, алејхи селам.

Христијаните, кои го негираат Мухамед, саллаллаху алејхи ве селем, имаат статус на негатори и на Иса, алејхи селам, посебно ако се земе предвид фактот дека токму Иса, алејхи селам, го најавил доаѓањето на Мухамед, саллаллаху алејхи ве селем, кој има за цел да ги изведе на прав пат.

**Втор сегмент:** Посебното верување во пратениците чии имиња ги знаеме, како Мухамед, Ибрахим, Муса, Иса и Нух, алејхим селам. Тие се најодбраните помеѓу Божјите пртеници и Аллах, субханеху ве теала, ги спомнува на две места во Куранот. Првпат во поглавјето Ахзаб во кое вели:

**„Ние од веровесниците заветот нивен го зедовме, и од тебе, и од Нух и од Ибрахим, и од Муса, и од Иса, синот Мерјемин, цврст завет зедовме.“** (Куран: Ел Ахзаб, 7)

И вторпат во поглавјето Шура:

**„Тој ви го пропишува во верата истото тоа што му го наредил и на Нух и тоа што ти го објавуваме тебе, и тоа што му го наредивме на Ибрахим и на Муса и на Иса: ‚Вистинската вера исповедајте ја и во тоа не се раздвојувајте!‘“** (Куран: Еш Шура, 13)

Воопштено веруваме и во пратениците чии имиња не ги знаеме, Аллах, аззе ве џелле, вели:

**„И пред тебе Пратеници испраќавме, за некои од нив ти кажувавме, а за некои не ти кажувавме...“** (Куран: Ел Мумин, 78)

**Трет сегмент:** Верувањето во автентичните преданија кои од нив се пренесени до нас.

**Четврт сегмент:** Работа според верозаконот на пратеникот кој ни е пратен, а тој е Мухамед, саллаллаху алејхи ве селем, кој е пратен до сите луѓе. Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„И се колнам во Господарот твој, тие нема да бидат верници сѐ додека во меѓусебните спорови за судија тебе не те прифатат, а потоа во душите свои нималку тешкотија да не почувствуваат за тоа што си го одредил и додека сосема не се покорат.“** (Куран: Ен Ниса, 65)

## ПЛОДОВИ НА ВЕРУВАЊЕТО ВО БОЖЈИТЕ ПРАТЕНИЦИ

1. Спознавање на Аллаховата милост и грижа за луѓето, кои се гледаат од фактот дека ги пратил Своите пратеници за да нѐ упатат на Правиот пат, да ни го појаснат начинот како да му робуваме на Аллах. Важноста на ова посебно доаѓа до израз кога знаеме дека разумот и логиката сами по себе, без Објавата, не можат да го осознаат Правиот пат.

2. Благодарност кон Возвишениот Господар Аллах за оваа голема благодат која ни ја дал.

3. Љубов кон пратениците и изнесување на пофалби за нив онака како им доликува. Должни сме да ги сакаме и цениме, затоа што од

Аллах ни ги доставија Неговите објави, само Него го обожувале и другите ги поттикнувале да го обожуваат само Аллах.

Заинаетените ги негираат Божјите пратеници затоа што сметаат дека тие не можат да бидат од родот човечки. Овој нивен став го спомнува и го побива Аллах, субханеху ве теала:

**„А луѓето, кога им доаѓала објавата, од верувањето ги одвраќало само тоа што говореле: ‚Зарем Аллах испратил човек како Пратеник?‘ Кажи: ‚Кога мелеците смирено би оделе на Земјата, Ние од небото за Пратеник би им испратиле мелек.‘“** (Куран: Ел Исра, 94-95)

Аллах го побива нивниот став затоа што е јасно дека на луѓето треба да им бидат пратени луѓе како пратеници. Кога на земјата би живееле мелеци, Аллах како пратеници би им пратил мелеци какви што се и самите.

Аллах, субханеху ве теала, ги пренесува зборовите на оние кои ги негирале Божјите пратеници, алејхим селам:

**„Тие одговорија: ‚Вие сте луѓе како и ние; сакате да нѐ одвратите од тие кои нашите предци ги обожувале, па донесете ни видливо чудо!‘ ‚Ние сме луѓе како вас,‘ – им говореа Пратениците нивни, – ‚но, Аллах го дава пратеништвото само на тие Свои робови на коишто Тој сака; ние не можеме да ви донесеме чудо без Аллаховата волја.‘“** (Куран: Ибрахим, 10-11)

## Верувањето во Судниот ден

Судниот ден е денот кога луѓето ќе бидат оживеани, ќе полагаат сметка, ќе бидат наградени или казнети. Именуван е како **јеумил-ахир/последниот ден** затоа што нема друг ден по него. Џенетлиите ќе се населат во рајот а џехенемлиите во пеколниот оган.

Верувањето во Судниот ден опфаќа три работи:

1. Верување во оживувањето, што значи дека тој е денот кога мртвите ќе бидат оживеани, откако по вторпат ќе се дувне во

**сурот/рогот**. Тогаш луѓето ќе станат и ќе тргнат кон својот Господар, голи и необрежани.

Возвишениот Аллах вели:

**„Така како што првиот пат од ништо создадовме, така повторно од ништо ќе создадеме, тоа е ветувањето Наше, Ние навистина тоа ќе го сториме.“** (Куран: Ел Енбија, 104)

Оживувањето е вистина и исправноста на верувањето во повторното оживување е потврдено во Куранот, хадисите и едногласниот став на учените.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„Вие, потоа, ќе умрете, потоа, на оној свет, оживени ќе бидете.“** (Куран: Ел Муминун, 15-16)

Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, рекол:

*„На Судниот ден луѓето ќе бидат оживеани голи и необрежани.“* (Бухари)

Муслиманите се едногласни во тврдењето дека Судниот ден ќе дојде, Аллахова мудрост е тој ден да се случи, за да се наградат или казнат создадените суштества, согласно на нивната покорност/непокорност кон Божјите пратеници, алејхим селам, кои им доаѓале.

Аллах, аззе ве џелле, вели:

**„Зарем мислите дека залудно ве создадовме и дека нема да Ни се вратите?“** (Куран: Ел Муминун, 115)

Обраќајќи му се на Својот пратеник, алејхи селам, Тој, вели:

**„Тој што ти го остави Куранот како обврска, сигурно ќе те врати на местото на враќањето (оној свет).“** (Куран: Ел Касас, 85)

2. Верувањето во полагањето сметка, наградата и казната.

Човекот ќе полага сметка за своите дела и ќе биде награден или казнет сообразно на своите дела. Овој факт го потврдуваат Куранот, Сунетот и едногласниот став на сите муслимани.

Аллах, Величествениот, вели:

**„Нам, навистина, тие ќе ни се вратат, и пред Нас, навистина, сметката ќе ја полагаат!“** (Куран: Ел Гашија, 25-26)

**„Кој ќе стори добро дело, ќе биде десетократно награден, а кој ќе стори лошо дело, ќе биде само според заслугата казнет, и нема да им се стори неправда!“** (Куран: Ел Енам, 160)

**„Ние на Судниот ден терезиите на правдата ќе ги поставиме, па никому неправда нема да му биде направена: ако нешто биде тешко дури и колку зрно синап, Ние за тоа ќе казниме или ќе наградиме. А доста е тоа што Ние за сметките ќе испрашуваме.“** (Куран: Ел Енбија, 47)

Ибн Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, рекол:

*„Аллах ќе му се приближи на верникот и врз него ќе го стави Своето перде, ќе го покрие и ќе го праша: ‚Знаеш ли за тој грев, а знаеш ли и за тој грев?‘ ‚Да, Аллаху мој.‘, ќе одговори човекот. И така кога ќе ги признае сите свои гревови и во себе ќе помисли дека пропаднал, Аллах, ќе му рече: ‚Ти ги сокрив на земниот живот, а денеска ти ги простувам.‘ Потоа ќе му биде дадена книгата на неговите добри дела. За неверниците и лицемерите пред сите ќе се викне: ‚Тоа се тие кои лажеа на својот Господар, Аллаховото проклетство нека е врз насилниците.‘“* (Муттефекун алејхи)

Во еден друг хадис е кажано:

*„Кој ќе намери да направи добро дело, па нема да го направи, Аллах кај Себе тоа ќе му го запише како добро дело, а кој ќе намери да направи добро дело, и истото го направи, Аллах тоа дело кај Себе ќе му го запише како десет до седумстотини добри дела, па и многупати повеќе. Кој ќе намери да направи лошо дело, и истото ќе го направи, Аллах кај Себе ќе му запише едно лошо дело.“* (Бухари и Муслим, верзијата е на имамот Муслим)

Муслиманите се согласни дека постои полагање сметка и одговорност, а мудроста од тоа се огледа во следново: Аллах, Семоќниот, ги објавил Книгите, ги испратил пратениците, им наредил на луѓето да

прифатат и да постапуваат според она што им било објавено на пратениците и им наредил да се борат против оние кои тоа го одбиле. Затоа, доколку нема  полагање сметка и одговорност за направеното, наградување или казнување според делата, тогаш сето ова споменато немаше да има смисла, а Аллах, Семоќниот, е чист од тоа.

Семоќниот Аллах укажува на тоа кога вели:

**„И сигурно ќе ги прашаме тие на кои им испраќавме Пратеници, а ќе ги прашаме и Пратениците, и ќе им изложиме сѐ што знаеме веродостојно за нив, бидејќи Ние не бевме отсутни.“** (Куран: Ел Араф, 6-7)

3. Верување во постоење на Рајот (Џенет) и Пеколот (Џехенем) вечните живеалишта на луѓето на оној свет. Џенетот е куќа за уживање која Аллах ја подготвил за верниците, богобојазливите, оние кои веруваат во сѐ што им е пропишано, кои искрено му се покоруваат на Аллах, субханеху ве теала, и го следат Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем. Во џенетот има многу благодати, кои окото не ги видело, увото не слушнало за нив, ниту пак човек можел да ги замисли.

Аллах, Семоќниот вели:

**„А тие што веруваат и прават добри дела – тие навистина се најдобрите суштества, наградата нивна кај Господарот нивен ги чека; еденски градини низ кои реки ќе течат, во кои вечно и засекогаш ќе останат; Аллах ќе биде од нив задоволен, а и тие ќе бидат од Него задоволни. Ете, тоа ќе биде за тој што од Господарот свој се плаши!“** (Куран: Ел Бејјине, 7-8)

**„И никој не знае какви, како награда за тоа што го правеле, скриени радости ги очекуваат.“** (Куран: Ес Сеџда, 17)

Пеколот е куќата на казната која Аллах ја подготвил за неверниците и за неправедните, за оние кои ја одбиле покорноста кон Аллах, субханеху ве теала, и Неговиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем. Во пеколот има разлини видови на казни кои човек дури ни не може да ги замисли.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„И чувајте се од Огнот кој е подготвен за неверниците!“** (Куран: Али Имран, 131)

**„Ние на неверниците им подготвивме Оган чијшто пламен од сите страни ќе ги опфаќа; ако побараат помош, ќе им се помогне со течност слична на растопена ковина која лицата ќе ги испече. Ужасен ли напиток и грозно ли престојувалиште!“** (Куран: Ел Кехф, 29)

**„Аллах ги проколна неверниците и за нив распламтен Оган подготви, во него вечно и засекогаш ќе престојуваат, ниту заштитник ниту помошник нема да најдат. На Денот кога нивните лица во огнот ќе се превртуваат, ќе говорат: ‚Камо среќа на Аллах да Му се покорувавме и Пратеникот да го слушавме!‘ И ќе зборуваат: ‚Господару наш, ние првациите наши и старешините наши ги слушавме, па тие од Вистинскиот пат нè одведоа; Господару наш, дај им двократна казна и проколни ги со големо проклетство!‘“** (Куран: Ел Ахзаб, 64-68)

Во верувањето во Судниот ден, влегуваат и случките по смртта:

а. Искушението во гробот, односно прашањата, кои на починатиот ќе му ги поставаат мелеци, за неговиот Господар, верата и пратеникот. Аллах, во тој момент, на оној кој во Него верувал ќе му помогне и ќе му даде постојаност, и тој ќе одговори: Мој Господар е Аллах, мојата вера е исламот и мој пратеник е Мухамед, алејхи салату ве селам. Неверникот ќе одговори: не знам, а лицемерот ќе каже: не знам, ги слушнав луѓето така зборуваа, па и јас така говорев.

б. Казната и уживањето во гробот

Во гробот ќе бидат казнети неправедните, мунафиците и неверниците. Аллах, аззе ве џелле вели:

**„А да ти се даде да ги видиш неверниците во смртните маки, кога мелеците ќе ги испружат рацете свои кон нив: ‚Извадете ги своите души! Отсега со неиздржлива казна ќе бидете казнувани затоа што за Аллах изнесувавте лаги и затоа што кон доказите Негови арогантно се однесувавте.‘“** (Куран: Ел Енам, 93)

За Фараонот и неговите поддржувачи, Аллах вели:

**„Тие и наутро и навечер во огнот ќе се пржат, а кога ќе настапи Часот: ‚Воведете ги фараоновите луѓе во најтешкото страдање!'"** (Куран: Ел Мумин, 46)

Во Сахихот на Муслим, од Зејд ибн Сабит, радијаллаху анху, е запишан хадисот на Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, во кој тој вели:

*„Да знаев дека нема да го оставите закопувањето на мртвите во гробови, ќе го замолев Аллах да чуете дел од казната во гробот која јас ја слушам.' Потоа се сврти со своето лице и рече: ‚Молете го Аллах да ве заштити/сочува од казната во Огнот.' Рекоа: ‚Аллах го молиме да нè заштити од казната во Огнот., Рече: Молете го Аллах да ве заштити/сочува од казната во гробот.' ‚Аллах го молиме да нè заштити од казната во гробот.' Рече: ‚Молете го Аллах да ве заштити од сите видови искушенија, скриени и видливи.' Тие рекоа: ‚Аллах го молиме да нè заштити од скриените и видливите искушенија.' На крајот рече: ‚Молете го Аллах да ве заштити/сочува од искушенијата со кои ќе дојде Деџалот.' Рекоа: ‚Аллах го молиме да нè заштити од искушенијата со кои ќе дојде Деџалот.'"*

Уживања во гробот ќе имаат верниците. Аллах, Семоќниот, вели:

**„На тие што велат: ‚Наш Господар е Аллах', па потоа останат истрајни, им се симнуваат мелеци: ‚Не плашете се и не тагувајте, и радувајте се на џенетот кој ви е ветен.'"** (Куран: Ел Фусилет, 30)

**„А зошто вие, кога душата до грклaнот ќе достигне, и кога вие тогаш ќе гледате, а Ние Сме му поблиски од вас, но вие не гледате – зошто тогаш, ако сметката не сакате да ја полагате, не ја повратите, ако вистината ја зборувате? Иако биде еден од тие што Му се блиски на Аллах – удобност и убаво снабдување и џенетски благодати за него!"** (Куран: Ел Вакиа, 83-89)

Бера ибн Азиб, радијаллаху анху, пренесува хадис во кој се зборува за верникот кој ќе одговори на прашањата на мелеците:

*„Потоа ќе допре/ќе се слушне глас од небесата: ‚Вистината ја рекол мојот роб, па подгответе му постелнина од Џенетот, облечете*

*го со џенетска облека и отворете му прозорец кон Џенетот.' До него ќе допира убавиот и угоден џенетски мирис и гробот негов ќе се рашири колку што може да допре видот негов.“* (Го бележат Ахмед и Ебу Давуд во друг хадис)

## ПЛОДОВИ НА ВЕРУВАЊЕТО ВО СУДНИОТ ДЕН

- Желбата за што поголема покорност кон Аллах со намера да се добие Неговата награда.
- Стравот од гревовите кои нè водат кон Аллаховата казна.
- Со верувањето во Судниот ден, верникот знае дека доколку на овој свет ќе го одмине некоја награда за добро дело, таа ќе му биде надоместена во Џенетот.

Неверниците го негираат воскресението/оживувањето по смртта, сметајќи го за невозможно. Овој заклучок е ништовен, а неговата неточност е потврдена со шеријатските текстови, материјалните докази (сетилата) и разумот.

**Шеријатски докази:**

Аллах, аззе ве џелле, вели:

**„Неверниците тврдат дека нема да бидат оживеани. Кажи: 'Ќе бидете, се колнам во мојот Господар, сигурно ќе бидете оживеани, па за тоа што го правевте навистина ќе бидете известени!' – а тоа за Аллах е лесно.“** (Куран: Ет Тегабун, 7)

Сите небесни Книги зборуваат за тоа и го потврдуваат тој факт.

**Материјални докази:**

Луѓето уште на овој свет биле сведоци на оживување на мртвите луѓе. Во поглавјето Ел Бекара се наведуваат пет примери:

Првиот пример е за народот на Муса, алејхи селам, кои барале да го видат Аллах:

**„И кога гласно рековте: 'Муса, ние нема да ти веруваме сè додека Аллах јасно не Го видиме!' – па, молња ве удри додека гледавте, а потоа по смртта ваша ве оживеавме, за да бидете благодарни.“** (Куран: Ел Бекара, 55-56)

Вториот пример зборува за наредба да се заколе крава за да се дознае името на убиецот:

**„И кога убивте еден човек, па околу него почнавте да се расправате, Аллах даде на виделина да излезе тоа што го скривте. Па Ние рековме: ‚Удрете го (мртвиот) со некој нејзин дел!‘ – ете така Аллах мртвите ги враќа во живот и ви ги покажува доказите Свои, за да сфатите.“** (Куран: Ел Бекара, 72-73)

Третиот пример е за луѓето кои го напуштија своето место бегајќи од смртта:

**„Зарем не знаеш за тие што поради стравот од смртта избегаа од својата земја – а беа илјадници, па Аллах им рече: ‚Умрете!‘, а потоа ги оживеа. Аллах е, навистина, добар кон луѓето, а повеќето луѓе се неблагодарни.“** (Куран: Ел Бекара, 243)

Четвртиот пример е за човекот кој поминал покрај место чии жители умреле, па сметал дека е неможно Аллах да ги оживее:

**„Или за тој кој поминувајќи покрај еден град кој беше до темели разрушен и пуст, повика: ‚Како Аллах ќе ги оживее овие што умреле?‘ А Аллах го направи мртов стотина години, а потоа го оживеа и го запраша: ‚Колку остана?‘ – ‚Ден или дел од денот‘. – одговори. ‚Не!‘ – рече Тој – ‚остана стотина години. Погледни ја храната своја и пијалакот свој, не се расипале! А погледни го и магарето свое, да те направиме доказ за луѓето, а погледни ги и коските, како ги составуваме, а потоа со месо ги обложуваме‘. И кога нему му стана јасно, тој повика: ‚Јас знам дека Аллах може сè!‘“** (Куран: Ел Бекара, 259)

Петтиот пример е за Ибрахим кој посакал да види како Аллах ги оживува мртвите:

**„А кога Ибрахим рече: ‚Господару мој, покажи ми како ги оживуваш мртвите!‘ – Тој рече: ‚Зарем не веруваш?‘ – ‚Секако дека верувам,‘ – одговори тој – ‚но, за да ми се смири срцево‘. – ‚Земи четири птици‘ – рече Тој – ‚и исечи ги, па делови од нив стави на секое ритче! Потоа повикај ги, ќе ти дојдат итајќи! Знај дека Аллах е Силен и Мудар.‘“** (Куран: Ел Бекара, 259)

Ова се примери на материјални докази кои укажуваат дека Аллах е во состојба да ги оживее мртвите, а ние веќе го спомнавме случајот на Иса, алејхи селам, кој со волја на Аллах и Негова дозвола ги воскреснувал мртвите и ги изнесувал од нивните гробови.

Логичните докази, укажуваат на можноста на оживувањето, на два начина:

Првиот начин: Оној кој, од ништо, ги создал Земјата и небесата и она што е на нив, е кадарен тоа создавање да го повтори.

Аллах, Семоќниот, вели:

**„Тоа е Тој што создава од ништо и Тој тоа повторно ќе го стори, Нему тоа Му е лесно; Нему Му припаѓа највозвишениот пример и на небесата и на Земјата; Тој е Силен и Мудар.“** (Куран: Ер Рум, 27)

**„Така како што првиот пат од ништо создадовме, така повторно од ништо ќе создадеме, тоа е ветувањето Наше, Ние навистина тоа ќе го сториме.“** (Куран: Ел Енбија, 104)

Како одговор на оние кои тврделе дека е неможно да се оживеат гнилите коски, Возвишениот Аллах, на Својот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, му вели:

**„Кажи: ‚Ќе ги оживее Тој што првиот пат ги создал; Тој добро знае сè што создал.‘“** (Куран: Ја син, 79)

Втор начин: Ја гледаме земјата која е замрена, па кога врз неа Аллах ќе спушти дожд, таа оживува, трепери, процветува а од неа изникнуваат различни прекрасни билки. Оној кој е во можност на земјата да ѝ го врати животот, е кадарен (во можност) да ги оживее и мртвите.

Возвишениот вели:

**„А од доказите Негови е и тоа што гледаш сува земја, а кога на неа ќе спуштиме дожд, таа се придвижува и процветува. Тој што ѝ дава живот ќе ги оживее сигурно и мртвите, бидејќи Тој е способен за сè.“** (Куран: Ел Фусилет, 39)

**„Ние од небото спуштаме благословена вода и со нејзина помош правиме да никнуваат градини и жито што се жнее, и високи палми**

**во кои плодовите се натрупани едни над други, како храна за робовите и Ние со неа ги оживуваме мртвите предели; такво ќе биде и оживувањето.“** (Куран: Каф, 9-11)

Одредени секти кои се во заблуда го негираат постоењето на уживањето и казнувањето во гробот. Тие велат кога би ги откриле умрените, не би виделе никакво уживање и казнување, ниту пак би забележале дека гробот се проширил или се стеснил.

Овој став е неточен и на тоа укажуваат шеријатските, материјалните и логичните докази.

Веќе ги спомнавме шеријатските текстови кои укажуваат на постоење на казната во гробот како и на наградата/уживањето во гробот.

Од Ибн Абас, радијаллаху анхума, во Сахихот на Бухари е забележан овој хадис:

*„Излегувајќи во една Мединска градина, Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, го слушнал гласот на двајца кои се казнуваат во своите гробови...“*

Во понатамошниот дел од хадисот се наведува дека едниот од нив не се чувал при уринирање, а другиот одел и ги пренесувал зборовите на луѓето.

**Материјални докази:**

Понекогаш човекот додека спие, на сон гледа дека е на убаво, големо место каде што ужива или дека е во некој тесен простор каде што страда, па се буди заради тоа што го гледа. Иако е свесен дека сето тоа го видел, сепак тој сè уште лежи врз својот кревет. Сонот е сродник на смртта и затоа Аллах сонот го именува како смрт (вефат) кога вели:

**„Аллах ги зема душите во часот на нивната смрт, а и на тие што спијат, па ги задржува тие на кои им одредил да умрат, а другите ги остава до одредениот рок.“** (Куран: Ез Зумер, 42)

**Логични докази:**

Понекогаш некое лице додека спие, на сон гледа нешто на начин ист како во реалноста. На пример, го гледа на сон Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, во неговата вистинска форма. А оној кој го

видел во неговата вистинска форма, тој навистина го видел, но и покрај тоа, тој сѐ уште е во својата соба, врз својот кревет, далеку од тоа што го видел. Тогаш, ако постои можност за такво нешто на овој свет, тогаш зошто не е можно тоа и на следниот свет?

Нивните тврдења дека, доколку откриеме некоја личност која умрела во нејзиниот гроб, нема да видиме никакво казнување, ниту уживање, ги побиваме од повеќе аспекти:

1. Не е дозволено на шеријатските принципи да им се спротивставуваме со вакви заклучоци, затоа што, доколку оној кој со нив се служи реално би размислил, тогаш би знаел дека тие се ништовни.

Во стихови е кажано:

Има многу кои исправниот говор го негираат поради неговото погрешно разбирање.

2. Животот во гробот е дел од невидливиот свет кој материјалните докази не можат да го појаснат. Кога тоа би било можно, тогаш верувањето во невидливиот свет не би имал смисла.

3. Казната и уживањето во гробот, широчината и теснотијата ги чувствува само починатото лице, не и останатите. Исто како оној што спие, на сон гледа дека е во тесен, страшен простор, или е на убаво, широко место каде што ужива. Од аспект на оние кои се покрај него тој не се изменил, спие во неговата соба помеѓу креветот и неговата покривка.

Објавата му беше доставувана на Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, додека тој бил помеѓу своите асхаби, а тие тоа не го слушаа. Понекогаш доаѓал и мелек во човечки лик кој разговарал со Мухамед, алејхи селам, а тоа асхабите не би го виделе ниту би го чуле.

4. Човечките суштества се ограничени во разбирање и перципирање на одредени работи и појави. Никој не е во можност да види сѐ што постои. Сите седум небеса и Земјата, сѐ што е на нив го величаат Аллах и тоа величање го слуша само Аллах и оние на кои Тој тоа ќе им го дозволи.

Возвишениот вели:

**„Него Го слават седумте небеса и Земјата, и тие на нив; и не постои ништо што не Го слави, фалејќи Го; но вие не го разбирате славењето нивно. Тој е навистина Благ и многу простува.“** (Куран: Ел Исра, 44)

Исто така ниту шејтаните ниту џините не ги гледаме, иако тие патуваат низ Земјата. Доаѓале кај Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, го слушале Куранот, па потоа оделе кај своите народи да ги опоменуваат. И покрај сè, ние не ги гледаме.

За тоа, Возвишениот Аллах вели:

**„О, синови Адемови, нека не ве заведе шејтанот никако, како што ги изведе родителите ваши од џенетот, соблекувајќи ја од нив облеката нивна за да им ги покаже срамните места нивни! Тој ве гледа, тој и војските негови, од каде што вие нив не ги гледате. Ние шејтаните ги направивме заштитници на тие што не веруваат.“** (Куран: Ел Араф, 27)

Ако луѓето не се во состојба да видат и да перципираат сè што постои, тогаш не им е дозволено да го негираат невидливиот свет кој не се во состојба да го видат.

## Верувањето во Божјата одредба (Кадер)

Кадерот е Аллаховата одредба на сè што се случува, заснована врз Неговото знаење и мудрост.

Верувањето во кадерот опфаќа четири работи:

1. Верувањето дека Возвишениот Аллах знае сè поединечно и воопштено, без оглед дали се работи за она кое Тој го чини или она што го работат Неговите робови.
2. Верувањето дека сè е запишано во внимателно чуваната Плоча. За овие две работи, Аллах, Семоќниот, вели:

**„Зарем не знаеш дека на Аллах Му е познато сè што е на небото и на Земјата? Сето тоа е во Книгата, тоа, навистина, на Аллах му е лесно!“** (Куран: Ел Хаџџ, 70)

Во Муслимовата збирка на хадиси од Абдулах ибн Амр ибн Ел Ас, радијаллаху анху, е забележан хадисот во кој Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, вели:

*„Аллах запишал сѐ што ќе се случува, педесет илјади години пред да ги создаде небесата и Земјата.“*

3. Верувањето дека сите случувања и појави настануваат со Аллаховата волја и желба, без разлика дали се работи за она кое Тој го чини или го работат Неговите созданија.

Зборувајќи за она што Тој, аззе ве џелле, го работи во Куранот е речено:

**„Господарот твој создава што сака, и Тој одбира.“** (Куран: Ел Касас, 68)

**„Аллах прави што Му е по волја!“** (Куран: Али Имран, 40)

**„Тој во матките ве обликува како што Тој сака...“** (Куран: Али Имран, 6)

Зборувајќи за она што го работат тие кои ги создал, Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„А да сака Аллах, би ги свртел против вас, па тие би се бореле против вас!“** (Куран: Ен Ниса, 90)

**„...а да сакаше Господарот твој, тие тоа немаше да го сторат; затоа ти остави ги нив и тоа што го измислуваат.“** (Куран: Ел Енам, 112)

4. Верувањето дека сите суштества и сѐ она кое го работат, нивните особини и движења се создадени од Аллах, џелле ше'нуху.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„Аллах е Создател на сѐ и Тој управува со сѐ.“** (Куран: Ез Зумер, 62)

„**Кој создаде сѐ и како што треба го уреди!**“ (Куран: Ел Фуркан, 2)

Пренесувајќи ги зборовите на Ибрахим, алејхи селам, кои им ги упатил на својот народ, Возвишениот Аллах вели:

**„Аллах ве создава и вас и тоа што го правите.“** (Куран: Ес Сафат, 96)

Верувањето во Аллаховата одредба/Кадерот на начин кој го спомнавме не е во колизија со желбата и можноста на човек да постапува

соодветно на слободниот избор. Шеријатот и фактите докажуваат дека тие две работи се можни.

**Шеријатски докази:**

Зборувајќи за желбата/посакувањето, Возвишениот Аллах вели:

**„...па кој сака, враќањето кон Господарот свој ќе го прифати.“** (Куран: Ен Небе, 39)

**„...вие приоѓајте им на нивите ваши како што сакате!“** (Куран: Ел Бекара, 223)

Зборувајќи за силата и можноста, Аллах, Величествениот, вели:

**„Па плашете се од Аллах колку што можете, и слушајте и покорувајте се...“** (Куран: Ет Тегабун, 16)

**„Аллах никого не оптоварува преку неговите можности; во негова корист е доброто кое го стекнал, а на негова штета е злото кое го стекнал!“** (Куран: Ел Бекара, 286)

Што се однесува до реалноста во која човекот живее, на сите им е јасно дека човекот има сила, моќ и можност да направи или да остави нешто, но и дека неговата способност зависи од волјата на Аллах.

Аллах, Величествениот, вели:

**„За оној од вас кој сака да е на Вистинскиот пат, а вие не можете ништо да сакате, ако тоа Аллах, Господарот на световите, не го сака!“** (Куран: Ет Теквир, 28-29)

Целата вселена е под Аллахова власт, и ништо не се случува без Негова волја.

Верувањето во Божјата одредба на начин на кој го опишавме не му дава право на човек да се оправдува со **кадер** при оставање на должностите и при извршување грев. Правдањето со **одредбата Божја/кадер** е неисправно од повеќе аспекти.

1. Аллах, субханеху ве теала, вели дека многубошците ќе речат:

**„Многубошците ќе велат: ‚Да сакаше Аллах, ние немаше да Му припишуваме здруженици, а ниту предците наши, ниту ќе сторевме**

**нешто забрането‘. Така исто и тие пред нив негираа, сѐ додека Нашата казна не ја искусија. Кажи: ‚Имате ли некаков доказ да ни изнесете? Вие само според претпоставките се раководите и вие само невистината ја зборувате‘“.** (Куран: Ел Енам, 148)

Значи доколку **одредбата/кадерот** би била валидно оправдување, Аллах, Возвишениот не би ги казнил.

2. Аллах, аззе ве целле, вели:

„**Пративме Пратеници кои радосни вести и опомени донесуваа, за луѓето, после Пратеникот, никакво оправдување пред Аллах да немаат. А Аллах е Силен и Мудар!“** (Куран: Ен Ниса, 165)

Ова значи дека кадерот не е оправдување, бидејќи да беше оправдување тогаш тие не би ги негирале пратениците, имајќи предвид дека нивното отфрлање на вистината се случило со Аллахова одредба, по доаѓањето на Божјите пратеници.

3. И имамот Бухари, а ова е неговата верзија, и имамот Муслим во своите збирки, од Али, радијаллаху анху, го бележат хадисот на Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем:

*„‚На секој од вас веќе му е одредено местото во Џенетот и местото во Огнот.‘ Прашаа, ‚Аллахов пратениче, зошто да не се потпреме врз ова?‘ Тој им одговори: ‚Работете, а на секого му е олеснето (она што му е одредено)!‘ Потоа го прочита ајетот:* ***‚На тој што дава и што од гревот се клони...‘*** (Куран: Ел Лејл, 5)‘

Во верзијата на имамот Муслим стои:

*„Секому му е олеснето она поради кое е создаден.“*

Ова значи дека Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, наредувал да се чинат добри дела и да не се потпираме врз одреденото (кадерот).

4. Аллах, субханеху ве теала, на човекот му наредил одредени дела, и му забранил други, не го обврзал со нешто надвор од неговите можности.

Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„Па плашете се од Аллах колку што можете...“** (Куран: Ет Тегабун, 16)

**„Аллах никого не оптоварува преку неговите можности...“** (Куран: Ел Бекара, 286)

Кога човекот (со одредбата) би бил принуден да работи и да делува, тогаш би бил оптоварен со нешто што не е во можност да го направи. Затоа, доколку направи грев од незнаење, заборавност  или присилба, нема да биде грешник, бидејќи има оправдување.

5. Аллаховата одредба е скриена тајна која не ја познаваме додека не се случи, а човековата желба да направи некое дело се јавува пред истото да го направи. Поради ова неосновано е правдањето со кадер, затоа што на човек не може да му биде оправдување нешто што не знаел.

6. Понекогаш гледаме човек како се труди да направи нешто што му одговара во материјален аспект. Тој се труди сè додека не ја постигне целта и при тоа не го прави она што не му одговара и се правда со кадер. Се поставува прашањето, зошто правдајќи се со кадер не го остави она што му е корисно и не го прифати она кое му причинува штета?

Ќе наведеме пример кој го појаснува ова тврдење: Што ќе избере еден човек кој пред себе има два пата, еден кој го води до место кое е немирно, каде владее хаос и убивање и друг кој го води до место кое е мирно и погодно за живеење?

Ќе го избере вториот пат, бидејќи е невозможно разумно лице да избере пат кој води кон проблеми и потоа тој избор да го правда со Божја одредба. Се поставува прашањето, зошто тогаш кога се работи за Оној свет, го бира патот кој води кон Огнот, а потоа се правда со Божја одредба-кадер?

Втор пример: Кога на болен човек ќе му се понуди лек кој ќе му користи, тој ќе го земе и кога би му предизвикал нелагодност. Доколку му се забрани вода или храна која ја сака за да се излечи, тој би ја оставил сè со цел да се поправи неговото здравје.

Значи дека тој нема да го остави лекот или ќе продолжи да консумира храна која му штети, и потоа да се правда со кадер. Зошто тогаш човек го запоставува она што му е наредено со вера и тоа запоставување го правда со Божја одредба?

7. Ако на некое лице, кое со Аллахова одредба ја правда својата непокорност, некој ќе му украде имот или ќе го нападне, а потоа ќе му рече: „Не ме критикувај затоа што тоа е одредба на Аллах“, тој сигурно нема да прифати такво оправдување. Значи, тој нема да прифати оправдување со одредба од оној кој го напаѓа и кој се оправдува себеси со одредба/кадер при кршење на Аллаховиот закон.

„Се наведува дека пред Омер, радијаллаху анху, е доведена личност која крадела. Тој рекол: ‚Полека, водачу на правоверните, тоа се случи со Аллахова одредба.‘ Тогаш тој му рече: ‚И отсекувањето на твојата рака ќе се случи со Аллахова одредба.‘“

## ПЛОДОВИ НА ВЕРУВАЊЕТО ВО АЛЛАХОВАТА ОДРЕДБА

1. Потпирање врз Аллах при извршување на она кое му е потребно на човекот, затоа што сè зависи од Неговата одредба.

2. Кај човек не треба да се појави самољубие, доколку ја постигне својата цел, затоа што тоа е Аллахова одредба која ја одредил. Сметајќи дека тоа е човечка заслуга се заборава благодарноста кон Аллах.

3. Смиреност и спокој кога е во прашање Аллаховата одредба. Во ваква состојба човек не тагува доколку не се остварува нешто што му е драго или доколку му се случи нешто што не му е по волја, затоа што знае дека Аллаховата одредба е таа која требала и се случила. Аллах, Милостивиот, вели:

**„Нема неволја која ќе ја погоди Земјата и вас, а која не е, пред да ја дадеме, запишана во Книгата – тоа за Аллах е навистина лесно – за да не тагувате по тоа што ви одминало, а и да не се радувате премногу на тоа што Тој ќе ви го даде. Аллах не сака никакви прекумерни трошачи, фалбаџии.“** (Куран: Ел Хадид, 22-23)

Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, вели:

*„Чудна ли е работата на верникот, нему секоја состојба му е добра и во таа состојба е само верникот. Ако му се случи добро, ќе искаже благодарност и тоа ќе биде добро за него, а ако му се случи лошо, ќе се стрпи и пак тоа ќе биде добро за него.“* (Муслим)

По прашање на Аллаховата одредба, две групации се во заблуда:

Прва групација се Џебриите, кои велат дека човек е присилен да го прави она што го прави и дека нема личен избор.

Втората се Кадериите кои сметаат дека човек има апсолутно право на избор и дека Аллаховата волја и одредба ниту малку не влијаат врз изборот кој го прави човекот.

Одговор на групацијата на Џебрии:

Аллах, Возвишениот, потврдил дека човекот поседува желба и волја и дека тој е оној кој чини одредено дело. Тој вели:

**„...едните од вас го сакаат овој свет, а другите оној свет!“** (Куран: Али Имран, 152)

**„И кажи: ‚Вистината доаѓа само од Господарот ваш, па кој сака нека верува, а кој сака нека не верува!‘ Ние на неверниците им подготвивме Оган чиј што пламен од сите страни ќе ги опфаќа.“** (Куран: Ел Кехф, 29)

**„Кој прави добро, во своја корист го чини, а кој прави лошо, на своја штета го прави. – А Господарот твој не е неправеден кон робовите Свои.“** (Куран: Ел Фусилет, 46)

Во стварноста гледаме дека човекот прави разлика помеѓу своите постапки кои своеволно ги работи и оние врз кои не може да влијае. Никој не го натерал да го прави она што е првиот вид на постапки и кои ги извршува со своја волја, додека врз вториот вид на постапки тој не може да влијае и не ги чини своеволно.

Одговор на Кадериите низ призмата на шеријатските и логичните докази:

**Шеријатски докази:**

Аллах создал сè што постои и сè случува со Негова волја. Во Својата книга тој појаснил дека постапките на робовите се случуваат со Аллахова волја. Аллах, Славениот, вели:

**„Да сакаше Аллах, тие по нив немаше меѓусебно да се убиваат, кога јасни докази веќе им дојдоа, но тие не се согласуваа: некои од нив веруваа, а некои негираа. А да сакаше Аллах, тие немаше меѓусебно да се убиваат! Но Аллах прави што Тој сака.“** (Куран: Ел Бекара, 253)

**„А кога би сакале, секој човек на Вистинскиот пат би го упатиле, но Јас веќе ја кажав Вистината: ‚Ќе го наполнам, навистина, џехеннемот со џинни и луѓе заедно!‘“** (Куран: Ес Сеџда, 13)

**Логичен доказ:**

Сè што постои е во сопственост на Аллах, а и човекот е дел од тоа, па затоа, тој не е во состојба да го прави она што го сака, освен ако истото не е дел од Аллаховата волја.

## Целите на исламското верување

Целите се нешто кон кое тежнееме и сакаме да го оствариме. Кога се работи за целите на исламското верување, помеѓу другите такви цели се:

**Прва цел:** Искрено обожување само на Аллах, Возвишениот, Тој е Создател кој нема придружник.

**Втора цел:** Ослободување на разумот од сите видови на збунетост кои го погодуваат доколку срцето не е цврсто во верата. Доколку срцето не е исполнето со исправно верување, тогаш тоа ќе биде подложно да посакува материјална придобивка или ќе биде преокупирано со различни видови на заблуди и збунетост.

**Трета цел:** Духовна или идеолошка смиреност која не дозволува било какво нарушување на верувањето. Во таа состојба верникот се врзува за својот Создател, задоволен е со она кое Тој го одредува, без оглед дали се работи за природни случувања или за шеријатски прописи.

**Четврта цел:** Исправност на намерата (ниетот) и постапките при обожување на Аллах, како и при однесување со создадените суштества. Темел на верувањето во Пратениците, алејхим селам, е следење на нивниот пат кој е чист и исправен, во своите намери како и постапки.

**Петта цел:** Сериозност и одлучност во секојдневниот живот, во смисла на искористување на секоја можност да се направи добро дело,

да се заработат што е можно повеќе севапи, и да се оддалечи од секоја можност да направи лошо дело, за да се спаси од казната.

Еден од темелите не верувањето е верувањето во оживувањето и полагањето сметка. Аллах, субханеху ве теала, вели:

**„На сите ќе им припадне награда или казна, според тоа како постапувале, а Господарот Твој не е немарен кон тоа што го правеа.“** (Куран: Ел Енам, 132)

Божјиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, ги поттикнувал луѓето да ја постигнат оваа цел велејќи:

*„Силниот верник е подобар и на Аллах му е подраг од слабиот верник, а во обајцата има добро. Тежнеј кон она кое ќе ти користи, барај ја Аллаховата помош и не очајувај. Ако нешто ти се случи немој да кажеш: ‚Да направев така и така ќе се случеше тоа и тоа.‘ Речи: ‚Ова е Аллахова одредба, а Тој прави што сака.‘ Зборот ‚да‘ (направев) му отвора на шејтанот можност да дејствува.“* (Муслим)

Шеста цел: Изградба на силна заедница која ќе се труди во ширење на верата и нема да биде рамнодушна кон проблемите кои ќе ја погодат.

Аллах, Славениот, вели:

**„Вистински верници се само тие што веруваат во Аллах и во Пратеникот Негов и потоа веќе не се сомневаат, и се борат на Аллаховиот пат со имотите свои и со животите свои. Тие се** искрените!“ (Куран: Ел Хуџурат, 15)

Седма цел: Остварување среќа на овој и на идниот свет, преку поправање на поединецот и заедницата, постигнување на Аллаховата награда, за која Тој, аззе ве џелле, вели:

**„На тој што прави добро, било маж или жена, а верник е, Ние ќе му дадеме да проживее убав живот и навистина ќе ги наградиме според подоброто што го правеле.“** (Куран: Ен Нахл, 97)

Овие се само некои од целите на исламското верување и го молиме Аллах да ни помогне да ги постигнеме.

# Содржина

**Вовед** ........ **5**

**Исламската вера** ........ **7**

**Темелите на исламот** ........ **11**

Шехадетот-Сведоштвото за Аллаховото едноштво и за Мухамед како негов роб и пратеник ........ 11

Извршувањето на намазот ........ 12

Давањето на зекат ........ 12

Постот во месецот Рамазан ........ 12

Аџилакот-Ел Хаџџ ........ 12

**Темелите на исламското верување** ........ **15**

Верувањето во Аллах ........ 15

Верувањето во мелеците (ангелите) ........ 25

Верувањето во Книгите ........ 28

Верувањето во Божјите пратеници ........ 30

Верувањето во Судниот ден ........ 34

Верувањето во Божјата одредба (Кадер) ........ 45

Целите на исламското верување ........ 52